РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
бр 12-372/2
07.04. 2026 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Врз основа на член 28 став 5 од Законот за урбанистичко („Службен весник на РСМ" бр.32/20,111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25"), член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ,,бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Валандово, донесе:

# ОДЛУКА

## за организирање на Јавна анкета и Јавна презентација

Член 1

Се организира јавна анкета и јавна презентација за **Нацрт Измена и дополна на Урбанистички план за село Јосифово, Блок 4, Општина Валандово со технички број 136/2023 од Февруари 2026 година изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје.**

Член 2

Јавниот повик за организирање на Јавна анкета и Јавна презентација да биде објавен 15 дена пред започнување на Јавната анкета, во согласност со член 50 став 3 од Законот за урбанистичко планирање.

Член 3

Јавната анкета да трае најмалку 30 (Триесет) дена од денот објавен во Јавниот повик.

Член 4

Во текот на траењето на Јавната анкета ќе се спроведе Јавна презентација.

Член 5

Планот за време на јавната анкета и јавната презентација, да биде изложен на јавно место и презентиран во електронска форма.

Член 6

Заинтересираните граѓани и правни лица, во предвидениот рок за Јавна анкета може да дадат свои забелешки на АНКЕТНИ ЛИСТОВИ кои може да ги добијат во архивата на Општина Валандово, како и на веб страната на Општина Валандово и на електронскиот систем е-урбанизам.

Член 7

Ова Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Изработил: Анита Трајкова
Контролирал:Илија Матеев
Одобрил: Ѓоко Аврамски

**Општина Валандово**
**Градоначалник**
**Ѓоко Камчев**

Gjoko Avramski Digitally signed by Gjoko Avramski
Date: 2026.04.07 13:27:30 +02'00'

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар" 66, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk